Број 106 — Јули 2021

# S-WORK






# ВТОРА ПАРАДА НА ГОРДОСТА ВО СКОПЈЕ

Во главниот град на Северна Македонија се одржа втората Парада на гордоста која предизвика илјадници луѓе да излезат на улиците кои инаку поради невообичаеното претопло време се празни.

И покрај жешкиот асфалт и напуштените градски улици поради горештината, на 26-ти јуни во Скопје, учесниците и поддржувачите на Парадата марширајќи, пеејќи и играјќи по улиците се собраа во Градскиот парк.

Таму, забавата продолжи со музички изведби на дицеи и уметници, вклучувајќи го и овогодинешниот македонски претставник на Евровизија, Васил Гарванлиев.

Исто како и историски важната прва Парада на гордоста која се одржа во 2019 година, и оваа година настанот доби силна поддршка од високи владини и граски претставници, амбасадори, активисти и организации од странство, а некои од нив и лично учествуваа на настанот.

Оваа година настанот беше организиран од Националната мрежа против хомофобија и трансфобија, а се одржа под мотото “Вон ѕидовите”. Овој слоган беше одбран со цел да се потенцира изолацијата и потребата да се кријат идентитетите надвор од приватни и затворени простори – проблем со кој се соочуваат многу членови на ЛГБТ заедницата.

СТАР-СТАР како организација предводена од сексуални работници ја даде својата безрезервна поддршка за овој настан како симбол на солидарност со ЛГБТ лицата кои живеат во Северна Македонија. Сексуалните работници беа дел од Парадата не само затоа што голем дел од нив се припадници на ЛГБТ заедницата, туку и поради тоа што тие самите веруваат дека нетолерантноста и изолацијата никогаш не се решение за било што. Заедницата на сексуални работници ги прифаќа и разбира сите подеднакво и е цврсто убедена дека единствениот начин да се створи хармонично општество е да се прифати и поддржи љубовта без оглед на тоа во каква форма е изразена истата.



# Глобалната мрежа на проекти за сексуалната работа го одбележа Меѓународниот ден на сексуалните работници со нова илустрирана Консензуална изјава

Консензуалната изјава за сексуалната работа, човековите права и законите се осврнува на осум фундаментални права кои групите предводени од сексуални работници низ целиот свет ги идентификуваат како суштински таргети за нивниот активизам и застапување за правата на сексуалните работници. Овие осум права, доколку се целосно реализирани, би претставувале огромни чекори напред во смисла на заштита на човековите права, работничките права и здравјето на сексуалните работници.

Со цел да го одбележи Меѓународниот ден на сексуалните работници, МПСР издаде сумирана Консензуална изјава со илустрации изработени од визуелната уметничка Моли Ханкинсон од Глазгов. Секоја илустрација претставува едно од осумте фундаментални права наведени во Консензуалната изјава.

## 1. Право на здружување и организирање

Криминализацијата и правното маргинализирање придонесуваат сексуалните работници да не можат легално да се здружуваат и да ги застапуваат своите права, да си даваат меѓусебна поддршка, да обезбедат пристап до услуги, да формираат синдикати за колективно преговарање и подобрување на работните услови.



## 2. Право на законска заштита

Сексуалните работници не добиваат еднаква правна заштита. Тие не ги уживаат правата кои произлегуваат од законите за работни односи кои важат за останатите работници и се изложени на незаконски приведувања, апсења, експлоатација и насилство. Тие немаат пристап до правда и се цел на дискриминаторски третман.




## 3. Право на ослободување од насилство

Криминализацијата и стигмата ги изложуваат сексуалните работници на лично и институционално насилство, што значи дека тие се многу ранливи на насилство, а насилниците поминуваат неказнети. Тешко е сексуалните работници да го пријават насилството или да бидат сфатени сериозно. Тие се соочени со задолжителни тестирања и третман или се принудени на рехабилитација.



## 4. Право на ослободување од дискриминација

Сексуалните работници се често мета на дискриминација од страна на општеството, како и од властите и системите за социјална заштита: принудна регистрација, закони против трговија со луѓе, присилни селења, нерамноправен третман во семејното право, судски постапки, третман во затвор, дискриминација на работното место, во здравствените системи и пристапот до правда.




## 5. Право на приватност и слобода од произволни упади

Правото на приватност на сексуалните работници многу често се прекршува поради задолжителната регистрација и медицинските интервенции. Рациите во домовите на сексуалнуте работници и конфискувањето на нивниот личен имот, откривањето приватни информации, вклучувајќи и резултати од здравствени тестови и прегледи, го прекршуваат правото на приватност на сексуалните работници.



### 6. Право на здравје

Криминализацијата и правното маргинализирање на сексуалните работници го ограничува нивниот пристап до информации, здравствени услуги и можноста да преговараат за безбедно сексуално однесување. Поседувањето кондоми што се користи како доказ за извршено кривично дело, немањето пристап до здравствени услуги, вклучувајќи и тестирање за ХИВ, третман и нега, го прекршува правото на здравје на сексуалните работници.




### 7. Право на движење и мигрирање

Сексуалните работници мигратни се многу поранливи на злоупотреби и експлоатација поради рестриктивните миграциски законски рамки и политиките против сексуалната работа. Сексуалните работници немаат пристап до правни канали за миграција, поради што често ги враќаат назад на граничните премини, ги депортираат и не им се дава правото да работат во друга држава.



## 8. Право на работа и слободен избор за вработување

Во повеќето држави, сексуалната работа не е правно призната како работа, што им ја ограничува можноста на сексуалните работници да бидат признати како работници кои имаат човекови и трудови права и може да доведе до небезбедни и експлоататорски работни услови.




## Листа на проактивни мерки за да се реализираат и почитуваат овие права:

- Препознавања на сексуалната работа како работа и нејзино вклучување во меѓународните трудови стандарди како дел од Агендата за пристојна работа.

- Укинување на сите закони кои ја криминализираат и/или пенализираат сексуалната работа, сексуалните работници, клиентите, трети страни, семејства, партнери или пријатели на сексуални работници.

- Значајно вклучување на сексуалните работници во врска со решавање прашања кои лично ги засегаат нивните животи и нивно признавање како експерти.

- Обезбедување финансиски средства и поддршка за сексуалните работници да се мобилизираат, организираат и да основаат сеопфатни и пристапни сервиси предводени од заедницата.

- Овозможување пристап до правда, здравствени и социјални услуги, како и правни миграциски канали.

# Насилството и заканите кон сексуалните работници од ЕУ се зголемија после Брегзит

Според спроведените истражувања, насилството и заканите за депортирање сексуални работници од Европската унија кои живеат во Обединетото кралство се зголемија откако се гласаше за Брегзит.

Студијата изработена од Универзитетот Салфорд и Англискиот колектив на проститутки укажува на тоа дека 44% од сексуалните работници/-чки мигранти од ЕУ се соочиле со зголемено насилство откако Британија гласаше да излезе од ЕУ.

Наодите од оваа студија бележат дека половина од сексуалните работници од ЕУ биле подложени на криминални дела кои произлегуваат од ксенофобична омараза после Референдумот.

Една сексуална работничка изјавила дека машките клиенти го злоупотребуваат неуредниот имиграционен статус на сексуалните работници мигранти, со тоа што можат да се однесуваат насилно без никакви последици.

„Насилниците и измамниците не пријавуваат во полиција и во Имиграционото биро“, вели една сексуална работничка. „Се заканууваат со зборовите: ќе направам да те депортираат ако не ми ги вратиш парите назад“.

Истражувањето забележува дека 54% од сексуалните работници опфатени во студијата веруваат дека ризикот од притворање е зголемен после Референдумот, а две третини од нив сметаат дека е зголемен ризикот да бидат депортирани. 44% од нив го опишуваат нивниот однос со полицијата како лош или многу лош – некои дури изјавиле и дека лично биле уапсени и имало рации во нивниот дом.

Ники Адамас, портпаролката на Англискиот колектов на проститутки – водечка група која се залага декриминализација на проституцијата, вели дека „институционалната мизогенија“ кон сексуалните работници значи дека тие се често стигматизирани и полоцијата не им верува кога ќе пријават насилство или злоставување од страна на клиентите.

Во студијата се опфатени 41 сексуални работници/-чки од ЕУ, а истражувачите забележуваат дека ова е мал примерок затоа што сексуалните работници/-чки мигранти се многу претпазливи да се вклучат во истражувања затоа што се плашат од приведување и депортирање.

Г-ѓа Адамс вели дека стотици жени мигранти од ЕУ ја контактирале нејзината организација која нуди сервиси за поддршка за сексуални работници поради тоа што биле соочени со насилство, ксенофобија и закани за депортирање откако Британија гласаше да го напушти Европскиот блок.

Д-р Лора Конели, професор по криминологија на Универзитетот Салфорд и директно вклучена во истражувањето, вели: „Ги повикуваме сите оние кои се грижат за правата на работниците




мигранти после Брегзит да работат со нас: да се признае сексуалната работа како работа, да водиме кампањи на сите граѓани од ЕУ автоматски да им се даде статус за престој во Обединетото кралство и да се стави крај на оваа непријателски настроена средина“.

Една сексуална работничка го изјавила следново: „ Ми се закануваа мажи на улица кои ми викаа дека ќе ме нападнат. Кога отидов во полиција, ми рекоа „немој да ми кажеш дека си проститутка, затоа што ако си, веднаш ќе те уапсиме“. Имам искусено многу расизам и сексизам од страна на полицијата откако се објавија резултатите од Референдумот“.

Угледниот британски дневен весник Индепендент претходно објави дека се зголемува бројот на жени кои се вклучуваат во сексуалната работа за првпат затоа што пандемијата ги има втурнато во „очајна сиромаштија“.



# Сексуалната работа како дел од онлајн економијата е спас за маргинализираните работници

Се' повеќе луѓе се вклучуваат во различни типови сексуална работа, особено преку Интернет, и покрај криминализацијата на нивната професија и активистичките опозициски движења, кои понекогаш се закана за животот на некои луѓе. Според истражувањата преку интервјуирање сексуални работници се доаѓа до заклучок дека се' повеќе луѓе се вклучени во индустријата, и тоа маргинализирани луѓе кои во најбуквална смисла нашле спас во овие тешки економски времиња.

Интернетот придонесе да има различни форми сексуална работа, помогна во растот на индустријата и меѓусебно ги поврза типовите сексуална работа кои претходно не беа поврзани. Побарувачката за аматерски порно видеа кои не се снимени во студио се зголеми, предизвикувајќи експанзија на порнографските индустрии преку камери, со што се овозможува интеракција помеѓу изведувачите и гледачите. Сексуалните работници/-чки постираат содржини на специјализирани хостинг сајтови, а има и веб страници кои телефонски ги поврзуваат сексуалните работници/-чки со нови клиенти.

Некои страници овозможуваат „шеќерни“ врски, што подразбира исплаќање пари извесен период во замена за врска која ќе продолжи и после првата средба. На некои сајтови пак, луѓето можат да продаваат и искористена долна облека.

Особено за време на глобална пандемија кога луѓето останаа без работа и бараат можност да се вработат, модерната секс индустрија успеа да инкорпорира многу нови провајдери, клиенти и можности за заработувачка.

**Кој работи во модерната сексуална индустрија?**

Сексуалната работа станува многу привлечна за работници/-чки од различни социјални класи. Особено сексуалната работа онлајн станува многу популарна затоа што нуди физичка безбедност за оние кои работат целосно онлајн и го минимизира ризикот за оние кои работат офлајн, не мора да се задоволат високи критериуми за вработување, а има потенцијал за пристојна заработувачка и автономија.

Овие услови креираат подобри работни искуства. Сексуалниот работник Трип Ричардс вели: „како трансродов маж, ... споделувањето на мојата работа на онлајн платформи ми овозможи финансиска слобода и лична среќа за кои не верував дека се возможни, истовремено давајќи ми можност да останам безбеден додека ги остварувам своите цели како уметник, едукатор и активист“.

Сексуалната работа онлајн е подобра опција во споредба со слабо наградената работа која е достапна за многу луѓе. Многу сексуални работници/-чки, особено оние од маргинализираните групи, велат дека е многу тешко или невозможно да добијат или задржат работа во другите индустрии, што ја прави сексуалната работа единствената опција преку која можат да заработат. Луѓето со инвалидитет или хронични болести кои учествуваат во истражувањата истакнуваат дека онлајн сексуалната работа преку камера е флексибилен труд.

Една жена која се претстави како Ким забележа дека сексот преку камера „е полесен за луѓето со биполарни нарушувања“. Амелија објасни: „дијагностицирана сум со Кронов синдром и не можев да ја задржам работата ... Моите родители немаа пари и чувствував вина да побарам помош од нив“.

Сексуалната онлајн економија може да биде прибежиште од дискриминацијата со која некои луѓе се соочуваат од несексуалниот пазар на трудот. Натали вели: „тешко е да се најде постојана работа дури и во ресторан за брза храна како трансродова жена пред реконструктивна операција, а која не зема хормонска терапија“.

Не сите сексуални работници доаѓаат од маргинализирана социјална позиција. Со самиот факт што се’ повеќе луѓе се борат да сврзат крај со крај пред и за време на пандемијата, така се’ повеќе луѓе се отворени да работат во сексуалната индустрија.




# Совети од клиент за правилно однесување со сексуални работнички

На форумот Квора, извесен Џон Катилер од Мичиген, кој вели дека со децении купува услуги од сексуални работнички, објави пост со совети за тоа како правилно и фер да се третира сексуалната работничка од која се купува услуга со цел да се доживее најдоброто можно искуство. Содржината на постот ја објавуваме во целост:

„Запамтете добро дека таа или тој се човечки суштества. Однесувајте се кон нив со почит освен ако взаемно се имате договорено за некоја форма на играње улоги. Запомнете дека неопходна ви е дозвола од нив за било што. Само затоа што плаќате не значи дека имате право на се што ќе посакате. За секое дејство мора да се преговара и договара. Тие имаат право да одбијат да ви дадат услуга, исто како што и вие имате право да не се согласите за цената која ви се нуди и да побарате услуга на некое друго место. Плаќате за чинот. Не ги „поседувате“ во времето за кое сте платиле (освен ако тоа не е дел од договорот)“.

„Бидете чисти. На тој начин и двајцата ќе имате поубаво искуство“.

„Користете здрав разум и кондоми“.

„Немојте да бидете безобразни, да ги третирате со потсмев и да бидете навредливи (освен ако тоа не е дел од „услугата“ за која обострано се имате договорено претходно)“.

„Бидете дарежливи со бакшишот. Така ќе добиете подобра услуга“.

Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.